Република Северна Македонија
Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ПРИРОДНО МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ
СКОПЈЕ
Примено: 16.9.2022

| Орг.един. | Број | Прилог | Вредност |
| --- | --- | --- | --- |
| 02 | 91 | | |


На седницата на Институтот за математика одржана на 15.09.2022 година, Стручниот совет ја донесе следнава:

**ОДЛУКА**

за одредување на диференцијални испити при упис на студиската програма на втор циклус студии по **Применета математика – Математичка статистика, актуарство и математичко моделирање во економија** (акредитација 2019/2020) во учебната 2022/2023 година:

Според условите за запишување на студиите одредени со елаборатот на студиската програма на втор циклус студии по Математички науки и примени, доколку студентите немаат завршено прв циклус студии по теориска математика (акредитација 2018/2019 и постари), односно додипломски студии (стари студии VII/1) по теориска математика или наставна математика, им се одобрува запишување на студиската програма на втор циклус студии по Математички науки и примени со евентуално дополагање на диференцијални испити.

Се одобрува запишување на судиската програма на втор циклус студии по **Применета математика – Математичка статистика, актуарство и математичко моделирање во економија**, доколку во Уверението за положени испити студентот ги положил предметите:

1. Вовед во математичка анализа
2. Математичка анализа 1
3. Математичка анализа 2

од прв циклус студии на Институтот за математика при Природно-математичкиот факултет во Скопје, акредитација 2018/2019 или нивни еквиваленти.

Доколку студентот нема положено некој од предметите од горната листа или нивни еквиваленти, се одобрува запишување на втор циклус студии на Институтот за Математика при Природно-математичкиот факултет во Скопје на студиската програма **Применета математика – Математичка статистика, актуарство и математичко моделирање во економија**, при што непризнаените предмети од горната листа треба да ги запише како диференцијални предмети.

Раководител на Институтот за математика

Проф. д-р Ирена Стојковска

Стојковска